**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јануари 2018 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: декември 2017 година

- Во декември 2017 година, каматната стапка на вкупните кредити изнесува 5,7% и во последните два месеца бележи надолна тенденција, со месечен пад од 0,1 п.п.. Од друга страна, каматната стапка на вкупните депозити е стабилна, задржувајќи се на нивото од 1,5% во последните шест месеци.

- Каматната стапка на новоодобрените кредити на крајот од 2017 година на месечна основа е намалена за 0,2 п.п., сведувајќи се на ниво од 4,9% (најниско ниво од 2005 година наваму т.е. откако е воспоставено статистичкото следење на овој индикатор). Наспроти ова, просечната каматна стапка на новопримените депозити остана на нивото од 1,3%, без месечни промени.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 8.2017 | 9.2017 | 10.2017 | 11.2017 | 12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.2** | **6.2** | **6.1** | **6.1** | **6.1** | **6.0** | **6.0** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.8** | **5.7** |
| Корпоративен сектор | 5.8 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 5.5 | 5.4 | 5.4 | 5.4 | 5.4 | 5.3 | 5.1 |
| Домаќинства | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.5 | 6.4 | 6.4 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.3** | **5.9** | **5.4** | **5.4** | **5.3** | **5.5** | **5.2** | **5.4** | **5.2** | **5.1** | **5.1** | **5.1** | **4.9** |
| Корпоративен сектор | 5.2 | 5.9 | 5.1 | 5.2 | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.2 | 5.0 | 4.7 | 4.8 | 4.9 | 4.7 |
| Домаќинства | 5.6 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.7 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.7 | 5.8 | 5.6 | 5.5 | 5.3 |
| **Вкупни депозити** | **1.8** | **1.7** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** | **1.5** |
| Корпоративен сектор | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.8 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.8 |
| Домаќинства | 1.7 | 1.7 | 1.6 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.4** | **1.4** | **1.4** | **1.5** | **1.2** | **1.3** | **1.3** | **1.4** | **1.3** | **1.3** |
| Корпоративен сектор | 1.5 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 1.0 |
| Домаќинства | 1.8 | 1.7 | 1.8 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.3 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.6 | 1.6 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

– Овој месец, каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор изнесува 5,1% и во однос на ноември бележи пад од 0,2 п.п.. Месечното намалување се објаснува со намалените каматни стапки кај сите компоненти, и тоа: кај денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,2 п.п. и 0,1 п.п., соодветно) и кај кредитите во странска валута (за 0,1 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,7 п.п..

– Во декември, просечната каматна стапка по која се одобрувале кредитите на корпоративниот сектор е 4,7%, што претставува намалување од 0,2 п.п. на месечно ниво. Анализирано од аспект на валутната структура на одобрените кредити, месечниот пад е резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити, со и без валутна клаузула, за 0,5 п.п. и 0,2 п.п., соодветно, наспроти минималниот месечен раст кај каматната стапка на девизните кредити од 0,1 п.п.. Во однос на декември 2016 година, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,5 п.п..

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).







Извор:НБРМ.

- Каматната стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор во декември изнесува 1,8%. Притоа, месечното намалување од околу 0,1 п.п. е резултанта на надолната промена кај каматната стапка на денарските депозити без валутна клаузула и на каматната стапка на девизните депозити (за 0,1 п.п., соодветно), делумно неутрализирано со месечниот раст на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,2 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка бележи намалување од 0,3 п.п..

- Просечната каматна стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор и натаму е на нивото од 1,0%, без промени во последните три месеци. Споредено со декември 2016 година, кај оваа каматна стапка е евидентирано намалување од 0,5 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







---

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

Извор: НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата се задржа на нивото од 6,4%, исто како и претходниот месец. Споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка регистрираме намалување од 0,2 п.п..

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата во декември изнесува 5,3%. Месечното намалување на просечната стапка на новото кредитирање на домаќинствата од 0,2 п.п., е застапено и кај денарските кредити (со и без валутна клаузула, за 0,2 п.п. и 0,1 п.п., соодветно) и кај девизните кредити (за 0,1 п.п.). Воедно, оваа каматна стапка е пониска за 0,3 п.п. во однос на истиот месец од 2016 година.







Извор: НБРМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата се стабилизираше на нивото од 1,5%, без промени од април 2017 година. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Во последниот месец од 2017 година, просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] од домаќинствата не забележа месечна промена и изнесува 1,6%. Во однос на декември 2016 година, стапката е пониска за 0,2 п.п..

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 28 февруари 2018 (референтен пресек заклучно со јануари 2018).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).